...ЕТ-Скопје
БИБЛИОТЕКА
Инв. Бр. ..................
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
СО АРХЕОЛОГИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет
Институт за историја на уметност и археологија
Насока археологија

**Магистерски труд**

# ЦИРКУЛАЦИЈА И ЗАСТАПЕНОСТ НА МОНЕТИТЕ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ „ГРАДИШТЕ“, с. ТАОР

**Кандидат:**
Ванчо Милошевски

**Ментор:**
Проф. д-р Виктор Лилчиќ

Скопје, 2012

# Содржина


ВОВЕД .......... 2

1. ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ .......... 4

2. ЛОКАЦИЈА И ПАТНА МРЕЖА .......... 5

  2.1. Местоположба .......... 5

  2.2. Патна комуникација .......... 6

3. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ .......... 7

4. ЗАСТАПЕНОСТ И ЦИРКУЛАЦИЈА НА МОНЕТИТЕ ПО ВЛАДЕТЕЛИ, ГОДИНИ И КОВАЧНИЦИ .......... 10

5. ПЕРИОД I .......... 10

6. ПЕРИОД II .......... 11

  6.1. Застапеност на монетите по владетели .......... 11

  6.2. Испитување на циркулацијата според годините .......... 14

  6.3. Испитување на циркулацијата според ковачници .......... 18

  6.4. Метрологија за II период .......... 20

7. ПЕРИОД III .......... 21

  7.1. Застапеност на монетите по владетели .......... 23

  7.2. Испитување на циркулацијата според годините .......... 24

  7.3. Испитување на циркулацијата според ковачници .......... 30

  7.4. Метрологија за III период .......... 32

8. ЗАКЛУЧОК .......... 34

9. КАТАЛОГ .......... 37

10. ТАБЛИ .......... 83

11. КОНЦЕНТРАЦИЈА ПО ОБЈЕКТИ .......... 103

12. ПЛАН НА ЛОКАЛИТЕТОТ .......... 113

13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА .......... 114

14. РЕФЕРЕНТНИ КАТАЛОЗИ .......... 116

# ВОВЕД

Истражувањето на античките локалитети на територијата на Република Македонија е меѓу најактуелните археолошки предизвици од минатото, па сè до денес. Систематските археолошки истражувања бараат поткрепа од читање, идентификација и обработка на материјалот од пронајдените артефакти, во кои спаѓа и нумизматичкиот материјал.

Овој материјал е од посебна важност за еден локалитет бидејќи дава јасна слика за хронолошка определба и континуитет на живеење на еден антички град, тврдина, населба и територија во кој живееле античките популации.

Во 2000 година од страна на Музејот на Град Скопје, а под раководство на археологот Киро Ристов започнати се систематски ископувања на локалитетот „Градиште" во селото Таор, кои со мали прекини траат сè до денес.

Локалитетот „Градиште" во село Таор (Tauresium) е од големо значење за Република Македонија бидејќи според историските записи и истражувањата што се вршени на овие простори се претпоставува дека на византискиот император Јустинијан I (527 – 565) родното место му е токму на овој локалитет, кои за истражувачите е голем предизвик за да дојдат до нови сознанија за сè уште непотврдените во целост тези за Прокопиевиот град Јустинијана Прима, спомнат во неговото дело *De aedeficiis* („За градбите"):

*„...Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живееат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бадеријана, беше село по име Таврисиј. Тука е роден царот Јустинијан, основачот на светското царство. Опколувајќи го набрзина ова село со sud во форма на четириаголник и подигајќи на секој агол по една кула, создаде четирикулен кастел, па така и го нарече (Тетрапиргијан). Крај него изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, оддолжувајќи се на тој начин на својата родителка..."*[1]

---

[1] Ф. Баришић, III Прокопиј, *Византиски извори за историју народа Југославије*, Том *I*, Београд, 1955. ( превод од српски В. Милошевски )

На ова место сакам да искажам голема благодарност до Музејот на Град Скопје, а посебно до раководителот на ископувањата на „Градиште“ во село Таор м-р Киро Ристов за несебичната соработка со која ми овозможи да го добијам нумизматичкиот материјал од почетокот на ископувањата од 2000 година, па сè до денес. Во овој проект сум вклучен од 2010 година, во делот за обработка на монетите, што ми овозможи да ја одбранам оваа студија.

Особена благодарност му должам на мојот ментор професор д-р Виктор Лилчиќ за поддршката и насоките при развојот на темата.

Се надевам дека токму оваа студија ќе овозможи понатамошни и попрецизни сознанија кои ќе ги надоградат археолошките истражувања и во контекст со другите предмети пронајдени на локалитетот ќе ни дадат јасна претстава за тогашното население од локалитетот „Градиште“ во с. Таор.

На локалитетите на кои се вршени систематски истражувања во Р. Македонија, нумизматичкиот материјал не е секогаш прикажан во целосна обработка. Затоа овој материјал е обработен со сите негови атрибути, за да се потврди историјата на овој локалитет и да се дознае нешто за животот на населението кое живеело во тие периоди проследени со трговија, економски кризи, војни, природни катастрофи, инвазија на варварски племиња и др.

Проблематиката опфатена во овој труд е насочена кон обработка на целокупниот нумизматички материјал кој е откриен со археолошките истражувања што се вршени на локалитетот од 2000 до 2010 година.

# 1. ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ

Истражувањата на локалитетот кај селото Таор за првпат се започнати пред стотина години од англискиот истражувач, археолог и патеписец Артур Еванс[2]. Престојот во скопскиот регион го искористил за посета на повеќе антички локалитети, кој покрај Скупи го посетил и локалитетот „Градиште" кај селото Таор за кој направил скица-план со цел да ја потврди Прокопиевата тетрапиргија на ова место. Во поново време испитување на локалитетот извршиле Т. Томовски и И. Микулчиќ, кои преку рекогносцирање на теренот извршиле првична проекција за основните податоци на локалитетот.[3] Според изнесените тези од овие истражувачи ставот за родното место на Јустинијан I е токму на овој локалитет а градот Јустинијана прима е на скопското Кале.[4]

Освен овие, други истражувања не се вршени на овој локалитет од ваков карактер.



**Сл. 1** План на ,,Градиште" с.Таор ( според: И. Микулчиќ )

Конечно Во 2000 година од страна на Музејот на Град Скопје, а под раководство на археологот Киро Ристов започнуваат археолошки ископувања кои траат сè до денес.

---

[2] A. J. Evans, Antiquarian Researches in Illiricum, III-IV, *Archaeologia* XLIX, London 1885.
[3] Т. Томовски, 233–239, *Таорско*, Скопје, 1967; И. Микулчиќ, 103–106, *СКОПЈЕ со околните тврдини*, Скопје, 1982.
[4] И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје, 1999

# 2. ЛОКАЦИЈА И ПАТНА МРЕЖА

## 2.1. Местоположба

Локалитетот се наоѓа на самиот северозападен крак од Таорската Клисура, на 20 километри југоисточно од центарот на Скопје, на левиот брег од реката Вардар, каде што реката се извлекува од мочуришниот шамак и навлегува во Таорската Клисура.

До самиот локалитет северозападно се наоѓа и селото Таор. Единствената комуникација со Скопје селото ја има преку мостот на реката Вардар и селото Орешани.




Сл. 2 Географска положба на с. Таор (преземено од Google Earth)

Според откриената фортификација на теренот локалитетот претставувал силно воено утврдување, расположен на висок рид и е составен од акропола и две тераси. Акрополата е поставена на јужната страна на највисоката точка, која доминира на ридот со визуелна прегледност на целата Скопска Котлина. На јужниот крак се соединуваат западниот и источниот одбранбен ѕид во силна „кула–бастион“.[5] Јужно од бастионот е ископан длабок одбранбен ров, кој сè уште се распознава на теренот. Под самата акропола, на северната страна, се наоѓа првата тераса.

Долната, втора тераса, го претставува подградието, кое го зафаќа најголемиот простор од локалитетот и е опфатена со одбранбен ѕид. Од западната и источната страна на населбата има уште две помали тераси. Западната се врзува за подградието и на неа лежи современата некропола на селото Таор. Источната е врзана за втората тераса и претставува коса стрмна падина.

Во минатото, поточно во рано римско време, населбата се наоѓала во југозападниот дел на провинцијата Горна Мезија сè до административната реформа извршена од императорот Диоклецијан (284 – 305) кога се издвојува во помала провинција наречена Дарданија, што се наоѓала во префектурата Африка – Италија – Илирик.

### 2.2. Патна комуникација

Ова утврдување било од особено стратегиско значење бидејќи во тој период во близина поминувал магистралниот пат Наисус – Скупи, а кој преку Стоби се поврзувал со Тесалоника. Еванс ги забележал деловите од римскиот пат во полето кај Петровец и Катланово и помеѓу Кожле и Блаце[6]. Патот е потврден и со пронајдените патокази кај

[5] И. Микулчиќ, 103–106, *Скопје со околните тврдини*, 54-55, Скопје, 1982.

[6] A. J. Evans, Antiquarian Researches in Illiricum, Part IV: Skupi, Skopia Bithplace of Justinian, *Archaeologia* XLIX, 92, 103, 110, 142–143, London, 1885.

Катланово. Овој пат е забележан и во Tabula Peutingeriana работена според светската карта на Касториус (средината на IV век).[7]

Од Скупи до Таорската Клисура во античко време воделе две траси. Патот јужно од Вардар, преку Драчево до Таор, претставувал една траса на која избиваат повеќе планински патишта од Китка, Кадина и Маркова Река, а кај Таор постоел природен премин преку Вардар. Од Таор патот продолжува по левиот брег на реката Вардар до местото каде што се влева реката Пчиња во него. Еден покус пат се качувал преку терасестото плато кај Таор и на исток под Блаце избивал на главниот магистрален пат. Другиот пат водел по левиот брег на Вардар, северно од мочуришниот потег Шамак. Од Скупи патот поаѓал прво на исток, а потоа на југоисток кај Катланово се провлекувал меѓу Пчиња и Катлановското Езеро (Јелатино) и се качувал кај денешно Блаце и Кожле спуштајќи се до местото каде што се влева реката Пчиња во Вардар.[8]

Патот потоа продолжувал до Сопот каде што била границата меѓу Горна Мезија – Дарданија и Македонија.[9]

Поради овие патишта и бродот на реката Вардар, израснала населбата кај Таор која доминирала над целата Скопска Котлина. Една од причините која довела до создавање на оваа населба била и можноста да се контролираат овие патишта, односно војските, патниците и трговците кои се движеле по нив.

## 3. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во досегашните ископувања на локалитетот се пронајдени јавни градби, куќи, работилници и богат нумизматички материјал кој се состои од четиристотини педесет и осум монети од различни периоди, кои датираат од пред нашата ера, па сè до доцниот среден век. Поради големиот временски интервал на емисија на монетите од различни периоди, можеме да утврдиме дека континуитетот на живеење на ова население е

---

[7] Miller, Itineraria, 572, Tab. Peut, VII, 4.

[8] И. Микулчиќ, 103–106, *Скопје со околните тврдини*, 54-55, Скопје, 1982.

[9] В. Лилчиќ, Античка патна мрежа, *Археолошка карта на Македонија,* Том I, 112-118, Скопје 1994

константно со исклучок на некои периоди каде што емисијата на монетите е намалена или воопшто ја нема.

При обработката на овој материјал е употребен целосен третман за обработка: теренско истражување, чистење на монетите, конзервација, каталошка обработка и фотографирање.

Монетите се обработени и опишани во една основна база со сите атрибути од кои произлегува каталогот, во кој тие се прикажани и со фотографии. Секоја монета во каталогот со фотографии е претставена со реден број, инвентарен број и годината на пронаоѓање под самата фотографија.



Сл. 3 Ископување на локалитетот во 2010 година

Врз основа на каталогот се направени сите табели и графикони преку кои е направена анализата. При анализата се применети статистички податоци во кои монетите се испитуваат по пат на застапеност по владетели, по пат на испитување на циркулацијата по ковачници и циркулацијата по години.

Како најзначајни податоци за овие истражувања се користени референтни каталози и др. литература од областа на нумизматиката, како што се капиталните дела „Roman imperial coinage“ и „Monete imperii Bizantini“ во кои се опфатени реформите и годините на ковањето на емисии.

При истражувањето, монетите се поделени во три периода. Поделбата е направена поради големиот временски интервал во кој континуитетот на користење на монетите е во различни историски периоди. Има монети од пред нашата ера, раноримски, доцноримски, рановизантиски и средновековни монети, при што се поделени врз база на историски периоди и врз база на големите реформи направени од страна на императорите.

Среденовековните монети, поточно од Роман I Лакапен (920 – 944) до доцниот среден век не влегуваат во анализите со останатите монети, туку се само каталошки обработени и прикажани, но со понатамошните истражувања на локалитетот ќе се прикаже и периодот IV по што ќе се направи анализа и на овие монети.

Во овој труд се прикажани и мапа од локалитетот и каталог во кој се претставени сите монети пронајдени по катастарска парцела, по локација и по објекти, кои како надополнување на останатиот археолошки материјал ќе помогнат за понатамошните истражувања на овој локалитет.

# 4. ЗАСТАПЕНОСТ И ЦИРКУЛАЦИЈА НА МОНЕТИТЕ ПО ВЛАДЕТЕЛИ, ГОДИНИ И КОВАЧНИЦИ

## 5. ПЕРИОД I

Со пронаоѓањето на најраните монети датирани 234 – 168 год. пр. н.е. од ковачницата АПЕІ–ΡΩΤΑΝ (Епир) и ковачницата Пела датирана 187 – 168/7 год. пр. н.е (1–2, Т.І*) започнува првиот период, во кои влегуваат и монети од римскиот период. Тука може да се види еден долг временски период од три века во кои застапеноста на монети е многу мала, и тоа сè до императорот Каракала 198 – 217 год. н.е., кој е застапен со две монети од ковачниците во Хадријанопол и Пауталија (3–4, Т.І). Монетите што се прикажани во (5–8, Т.І) се нечитливи, издупчени и исечени на половина, што укажува дека се користени за најразлична употреба, сл. 2.[10] Останатите монети од првиот период се од времето на императорите: Клаудиј Готик (268 – 270) една монета, две монети од Проб (276 – 282) и една монета од Диоклецијан (284 – 305) искована пред реформата со што се завршува првиот период (8–11, Т.І).



Сл. 4 Пример за секундарно користење на монетите

[10] Сликата 2 е преземена од интернет-страницата: *Holed Ancient Coins - Holes and their purpose.*
* (1–2, Т.І), ги означува таблите и редниот број на монетите што се наоѓаат во таблите.

Поради малиот број пронајдени монети, степенот на сочуваност и пренамената на монетите, не можеме да дадеме некоја прецизна анализа, но може да се заклучи дека овие монети се донесени и секундарно се користени во подоцнежен период. Во овој случај се работи за повторна употреба на застарените раноримски монети користени во V век.[11]

## 6. ПЕРИОД II

### 6.1. Застапеност на монетите по владетели

Вториот период од поделбата на монетите го опфаќа доцноримскиот период. Критериумот по кој е земен овој период е големата реформа направена од страна на императорот Диоклецијан во 296 година сè до реформата на императорот Анастасиј (491 – 518) спроведена во 498 година.

Овој период е многу значаен за локалитетот бидејќи тука може да се согледа создавањето на населбата која подоцна прераснува во големо утврдување.

Најголемиот дел од доцноримските монети од овој локалитет се пронајдени на северното подградие и долните слоеви во објектите.

Во Табелата I е претставена застапеноста на монетите емитувани по владетели и по ковачници со вкупно 147 испитани доцноримски монети од вториот период.

Од почетокот на овој период до времето на Констанциј II, застапеноста на монети е многу мала, што значи дека населбата сè уште не е во фаза на развивање, не се пронајдени ниту пак археолошки наоди од тој период.

Тука се застапени: Диоклецијан со една монета искована по реформата која, исто така, е исечена и користена во подоцнежниот период од што може да се заклучи дека е користена во V век бидејќи одговара со тежината од АЕ4 номиналата, (12, Т.II), потоа

[11] C. Morison, *The re-use of obsolete coins: the case of Roman imperial bronzes revived in the late fifth century , Studies* in numismatics method presented to Philip Grierson*, Edited by C.N.L. Brooke B.H.I.H.Steward J.G.Polard &T.R.Volk*, Cembridge Universiti press, 1983.

следува Максимијан Херкул (286 – 310) со две монети, Ликиниј I (317 – 324), Ликиниј II (307 – 337), Константин I (307 – 337) со по една монета, една варварска имитација на Константин I и една монета на Крисп (317 – 326), (12–19, Т.II).

Поголема застапеност на монети има од владетелите Константиј II (324 – 361) со 22 монети (20– 41, Т.III и Т.II) и Констанс (337 – 350) со 5 монети (41–46, Т.III) со најчеста реверсна претстава од типот FEL TEMP REPARATIO. Тука се согледува почетокот на развивањето на населбата, што се потврдува и со откривањето на другите археолошки наоди.[12]

Застапеноста на владетелите продолжува во континуитет со монета од Константиј Гал (351 – 354), (47, Т.III)[13]. Поголема застапеност има кај монетите од Валентинијан I (361 – 364) со 6 монети (48–53,Т.III), Валенс со 7 монети (54–60,Т.III), Гратијан со 7 монети (61–67, Т.III). Нагло зголемување на монети има кај владетелите Валентинијан II (375 – 392) 14 монети (68–71, Т.III и 72–81, Т.IV), Теодосиј I (379 – 395) со 25 монети (82–106, Т.IV) и Аркадиј со 33 (106, Т.IV и 108-140, Т.V, Графикон I).

Во Табелата I и Графикон I се прикажани и 7 неодредени монети, кои според тежината, дијаметарот и претставите веројатно се од периодот на владеењето на императорот Теодосиј I со синовите Аркадиј и Хонориј (Т.V,141-147, Т.VI).

По зголемената застапеност на монетите од претходните владетели, следува нагло намалување на бројот на монети од секој владател. Тоа се должи на реткоста на монетите кои се ковани од западните владетели (со исклучок на монетите од Теодосиј II), што значи дека континуитетот на застапеност на владетелите продолжува со по една монета од Магнус Максимус (383 – 388), (148, Т.VI), Аелија Флакила (388), (149, Т.VI), Флавиј Виктор (387 – 388), (150, Т.VI), Хонориј (393 – 423) кој е застапен со 3 монети, (151 – 153, Т.VI), Јоханес (423 – 425), (154, Т.VI), Валентинијан III (425 – 455), (158, Т.VI) и Теодосиј II (402 – 450) со 3 монети (155–157, Т.VI) од кои едната е солид, што покажува дека населението егзистирало и се занимавало со трговија и покрај големата инфлација во тој период бидејќи златото било многу ретко во однос на бронзените монети.

---

[12] К. Ристов, Таор, Прелиминарен извештај од истражувањата 2000–2004 година, *Maced. acta Arheologica, br. 17,* Скопје, 2006.

[13] Со кампањата во 2011 година, при археолошките ископувања е пронајдена и монета од императорот Јулијан II (355–363), која означува крај на Константиновата династија и издигнување на две нови династии под владеење на Валентинијан I и Теодосиј I.

| Владетели | Години на владеење | Ковачници | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | aqvi. | rom | sis | sirm | tes | con | ciz | niko | ant | her | неодр. | |
| Диоклецијан | 285–305 | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Максимијан | 286–310 | | 1 | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Ликиниј I | 308–324 | | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Ликиниј II | 317–324 | | | | | | | | 1 | | | | 1 |
| Константин I | 307–337 | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| Вар. Имит. | 318–324 | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Крисп | 317–326 | | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Константиј II | 324–361 | | | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | | 1 | | 13 | 23 |
| Констанс | 337–350 | | | 1 | | | | | | | | 4 | 5 |
| Костантиј Гал | 351–354 | | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| Валентинијан I | 364–375 | | | 5 | | | | | | | | 1 | 6 |
| Валенс | 364–378 | | | | | 1 | | | | | | 6 | 7 |
| Гратијан | 367–383 | | | | | | | 1 | | 1 | 2 | 3 | 7 |
| Валентинијан II | 375–392 | | | | | 4 | 3 | 2 | | | 2 | 3 | 14 |
| Теодосиј I | 379–395 | | | | | 6 | 1 | 7 | | | 1 | 9 | 24 |
| Аркадиј | 383–408 | | | | | 5 | 3 | 4 | | | 12 | 10 | 34 |
| Неодред. мон. | крај на IV в. | | | | | | | | | | | 7 | 7 |
| Флакила | 388 | | | | | 1 | | | | | | | 1 |
| Маг. Максимус | 383–388 | 1 | | | | | | | | | | | 1 |
| Флавиј Виктор | 387–388 | 1 | | | | | | | | | | | 1 |
| Хонориј | 393–423 | | | | | | | | | | | 3 | 3 |
| Јоханес | 393–423 | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| Теодосиј II | 402–450 | | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | 3 |
| Валентинијан III | 425–455 | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| Вкупно | | 2 | 4 | 9 | 1 | 19 | 11 | 18 | 1 | 2 | 17 | 63 | 147 |

Во тој период има големи промени во Римското Царство со војните со узурпаторите и големата наезда на варварските племиња кои проаѓале по магистралниот пат и оделе во походи и опустошување на Римското Царство.

Со овие монети се потврдува патната комуникација на населбата со магистралниот пат Тесалоника–Скупи–Наис, кој се поврзувал со источниот и западниот дел од Римското Царство.

**Графикон I**




## 6.2. Испитување на циркулацијата според годините

Во Табелата 2 и Графиконот 2 е прикажана застапеноста на монетите по години. Монетите што се неодредени и кои се прикажани во Табела 1 се изоставени бидејќи се нечитливи и не може да се одреди точната година на пуштање во оптек.

Годините во Табелата 2 и Графиконот 2 се прикажани по издавање на емисии во кои можеме да дадеме прецизна анализа. Од нив се извлечени коригираната фреквенција и кумулативната низа.

Во овој втор период од доцноримски монети запазуваме извесни осцилации во некои временски периоди. Од 284 до 337 година има застапеност на емисии само по една монета, што може да се види дека во овој период нема присуство на монети во оптек.

Зголемување веќе се гледа кај емисијата искована 337 – 340 година и 348 – 355 година. Тука треба да се земе предвид и јаката инфлација на бронзените монети која влијаела на општата циркулација. Тоа е времето кога Константиј II и Констанс во 348 година спроведуваат реформа со подигнување на тежината на парите, а курсот на бронзата спрема златото ревалвирал.

Табела 2

| Година на емисии | Фреквенција | Големина на временски период | Коригирана фреквенција | Кумулативна низа |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 284–305 | 1 | 21 | 0,05 | 1 |
| 300–301 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| 313–315 | 1 | 2 | 0,5 | 3 |
| 317 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| 317–320 | 1 | 3 | 0,3 | 5 |
| 314–315 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| 318–324 | 1 | 6 | 0,17 | 7 |
| 337–340 | 6 | 3 | 2 | 13 |
| 347–348 | 2 | 1 | 2 | 15 |
| 348–355 | 10 | 7 | 1,43 | 25 |
| 351–355 | 4 | 4 | 1 | 29 |
| 355–361 | 1 | 6 | 0,17 | 30 |
| 364–367 | 3 | 3 | 1 | 33 |
| 367–375 | 2 | 8 | 0,25 | 35 |
| 375–378 | 1 | 3 | 0,3 | 36 |
| 378–383 | 17 | 5 | 3,4 | 53 |
| 383–388 | 11 | 5 | 2,2 | 64 |
| 388–392 | 40 | 4 | 10 | 104 |
| 392–395 | 1 | 3 | 0,3 | 105 |
| 395–401 | 1 | 6 | 0,17 | 106 |
| 395–406 | 1 | 11 | 0,09 | 107 |
| 404–406 | 1 | 2 | 0,5 | 108 |
| 408–419 | 1 | 11 | 0,09 | 109 |
| 423–425 | 1 | 2 | 0,5 | 110 |
| 425–435 | 3 | 10 | 0,3 | 113 |

Потоа следува значителен пад од 351 до 378 година, кога настаните од ова време се поврзуваат со готските освојувања на овие територии при што оптекот на монети е намален. Годината 378 е карактеристична по смртта на Валенс, кој ја предводел римската војска во разбивање на Готите кај Хадријанопол при што римската војска доживеала пораз со страшни последици при што загинал и Валенс.[14] Кај емисиите има зголемување по 378 година.

[14] E. Gibon, Opadanje i porast rimskog carstva, poglavlje XXVI, превод Beograd, 2007.

Со доаѓање на власт на Теодосиј I (379 – 395) следуваат големи промени во Римското Царство со промените на административните граници, реформите во економијата и конечната поделба на Римското Царство.

Најголем раст има во емисијата кована 388 – 392 година при што се забележува во коригираната фреквенција прикажана во Табела 2, колона 4 и Графикон 2. Следува краткотрајна стабилизација во Римското Царство под водство на императорот Теодосиј I, притоа и циркулацијата на монетите од овој локалитет е зголемена, во најголем дел од номиналата АЕ4.

**Графикон 2**




Значителен пад има во емисијата искована 392 – 395 година до последната емисија искована од овој период 425 – 435 година во кој се гледа прекин во дистрибуцијата од 63 години, што е резултат на голема криза во Римското Царство со поделбата на источно и западно и нападите на Хуните 441 – 447 година кога биле разурнати преку 70 градови во Илирик,[15] при што следува и прекин на работата на некои ковачници.

[15] Ф. Баришић, II Приск, *Византиски извори за историју народа Југославије,* Том *I,* Београд, 1955.

Во втората половина на V век, подрачјето на Мезија, Тракија и Македонија во повеќе наврати било цел на напади на Остроготите кои оделе во походи и разорнувања при што не била поштедена и дарданската област. Познато е дека во 472 година, од историчарот Јорданис,[16] таткото на Теодорих Тиудимер го освоил Наис и од таму го пратил Теодорик кон Улпијана која ја освоил и се упатил кон Стоби поминувајќи низ овие краишта. Неколку години подоцна, во 479 година, Теодорик пак тргнал во поход на Илирик при што го разорил Стоби и тргнал кон Хераклеја.[17]

Целата оваа ситуација влијаела врз општата циркулација и пропаѓање на монетарниот систем на Римската Империја, што значи дека монетите веќе немале никаква вредност. Населението од Таор продолжило да егзистира во текот на целиот v век, а тргувало во натура или ги користеле застарените раноримски монети сè до обновата на Царството со реформите на Анастасиј I кога започнува византискиот период.

Графикон 3




Во Графиконот 3 е прикажана кумулативната низа од периодот II во која се следи сукцесивното користење на монетите што биле во оптек, односно се гледа

[16] Jordanis, Romana et Getica, ed Th Momsen, MGH, auct. ant.V, I. Berlin 1882, p. 131 & 285, sqq.
[17] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба, стр.* 192–193.

континуираната фреквенција на монетите во оптек на овој локалитет сè до последната искована емисија 425 – 435 година од императорот Валентинијан III (425 – 455).

### 6.3. Испитување на циркулацијата по ковачници

За да можеме да ја следиме циркулацијата од овој период, поради големиот временски интервал, овој период ќе го поделиме во три фази: првата фаза 298 –348 година, поточно од реформата на Диоклецијан до реформата на Константиј II и Констанс, втората фаза 348 – 392 во која Теодосиј I направил и административни реформи во годините помеѓу 375 и 392 година така што префектурата Илирик е поделена на источен и западен дел и третата фаза 392 – 435 година до последната искована емисија пронајдена на овој локалитет од периодот II.

Табела 3

| Ковачници | Фреквенција на периодите на ковање | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | 298 – 348 | 348 – 392 | 392 – 435 | |
| Аквилеја | | 2 | | 2 |
| Рома | 2 | | | 2 |
| Сискија | 2 | 7 | | 9 |
| Сирмиум | | 1 | | 1 |
| Тесалоника | | 19 | | 19 |
| Константинопол | | 10 | 1 | 11 |
| Кизик | | 17 | 1 | 18 |
| Никомедија | 1 | | | 1 |
| Антиохија | | 2 | | 2 |
| Хераклеја | | 17 | | 17 |
| Вкупно | 5 | 75 | 2 | 82 |

Во Табелата 3 и Графиконот 4 се претставени ковачниците поделени по периоди при што се гледа дека источните ковачници се најзастапени.

Во периодот 298 – 348 година (со вкупно 6 монети) застапени се монетите од ковачницата во Рим и ковачницата во Сискија (со по 2 монети) и ковачниците во Никомедија и Антиохија (со по една монета). Овој период дава малку податоци за ковачниците и не може да се даде прецизна анализа бидејќи сите тие ковачници припаѓале на централната префектура Италија – Африка – Илирик.

**Графикон 4**




Втората фаза е 348 – 392 со вкупно 68 монети. Таа е најзастапена со вкупно 6 ковачници во кои најголема застапеност има ковачницата во Тесалоника со вкупно 19 монети, по неа следува ковачницата во Кизик со 17 монети, Хераклеја со 17 монети, Константинопол со 10 монети, Сискија со 7 монети, Антиохија со 2 монети (кои се дел од префектурата Илирик) и две монети се пронајдени од ковачницата во Аквилеја, која припаѓа на панонската диецеза, која се наоѓала во северниот дел на Илирик.

Од ова заклучуваме дека дарданската област се снабдувала од источните ковачници, а најблиску и бил за снабдување главниот град на македонската диецеза Тесалоника.

### 6.4. Метрологија за II период

Најголем дел од монетите што се пронајдени од периодот III и што циркулирале на овој простор се бронзени монети од помали номинали од типот АЕ3 и АЕ4, кои не ја преминуваат тежината од 2,90 грама со исклучок на неколку монети, како на пример фолисот на Максимијан со тежина од 10,9 грама (13, Т.II), кој е пронајден на северната падина заедно со многу други рановизантиски фолеси (40 нумии). Фолесот одговара на тежината од ковањата на првите емисии на Анастасиј I. Останатите фолеси се со помала тежина кои не ја преминуваат тежината од 3,50 грама. Покрај фолесите се и две мајорини од Константиј II и една мајорина од Константиј Гал со најголема тежина до 4,03 грама.

Во текот на ископувањата се пронајдени и неколку исечени монети од различни периоди. Тие се исечени на половина или рамковно, но не ја преминуваат тежината повеќе од 1,50 грама, што значи дека одговараат со тежината на монетите што биле во оптек од крајот на IV и средината на V век со номинала од типот АЕ4 од 1,18 грама, што одговара на 1 миним.

Познато е дека во 396 година Аркадиј и Хонориј го издале Законот по кој 25 фунти бакар е еднакво на еден солид.[18] Исто така е познато дека и Валентинијан III во 445 година издал новела во која colectarii (менувачите на пари) купуваат 1 солид за 7200 нумии, а продаваат за 7000 нумии.[19] Како што се гледа, од една фунта бронза може да се исковаат 277 монети со тежина од 1,18 грама така што 25 фунти содржеле 6937 монети, што е блиску до прописната количина нумии за еден солид. Тука треба да се има предвид дека римската технологија на мерки во тежината не била толку прецизна.

Случајот со монетите под бр. 12, Т.II Диоклецијан и под бр. 32, Т.II Константиј II пронајдени во ист објект (куќа 4) се со приближно иста тежина и исто врамување од 0,61

[18] *Cod. Theod,* XI, 21.2.
[19] *Nov. Valent.* XVI.

грам и 0,50 грама. На реверсот од монетата од Диоклецијан при сечењето се запазени и оставени буквите CON... од натписот на реверсната легенда CONCORDIA. Истот така и на аверсот на монетата од Константиј II оставени се буквите DNCON... од легендата прикажана на аверсот CONSTANTIUS PF AVG од што можеме да заклучиме дека овие монети се исечени во исто време и пуштени во оптек, а со сечењето како целта да била да се нагласи ковачницата Константинопол.

## 7. ПЕРИОД III

Во периодот III е прикажан рановизантискиот период, кој започнува со реформираниот монетарен систем на Анастасиј I во 498 година. Со менување на стилот и воведувањето на новите стандардни тежини доаѓа до стабилизација во монетарниот систем од овој период и почеток на рановизантиското монетоковање.

Во Табелата 4 е прикажана целокупната состојба од овој период, тука се прикажани царевите од рановизантискиот период, емисиите на ковања, ковачниците и номиналните вредности. Истражувани се вкупно 249 рановизантиски монети и од понатамошните испитувања ќе произлезат резултатите за овој период.

Како и кај претходниот така и во овој период се применети истите статистички методи: испитувањата ќе ги поделиме според владетели, години и ковачници.

Во табелата 4 и графиконот 5 се забележани и 20 неодредени монети, кои според степенот на сочуваност се со многу лош квалитет. Од тие монети не можеме да извлечеме податоци. Тие монети само се забележани во табелата и графиконот во делот од застапеноста на монетите по владетели.

## Табела 4

| Владетели | Години | Ковачници | | | | | | | | | | | | | | | Неодред | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | KON | | | NIKO | | KIZ | | CAR | | TES | | | | | | | |
| | | 40 | 20 | 10 | 40 | 20 | 40 | 20 | 40 | 20 | 40 | 20 | 16 | 10 | 8 | 5 | | |
| Анастасиј I 491 - 518 | 498–507 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | 16 |
| | 507–512 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 512–517 | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 517–518 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Неодредени | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | |
| Јустин I 518–527 | 518–522 | 11 | 2 | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | 26 |
| | 522–527 | 9 | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | |
| Јустин и Јустинијан | 527 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| Јустинијан 527–565 | 527–532 | | 2 | | 1 | | | | | | | | | | | | | 110 |
| | 532–37 | 11 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 537–538 | 1 | 1 | | | | | | 1 | | | | | | | | | |
| | 538–539 | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 540–541 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 538–542 | | | | | | | | | | | | 9 | | 4 | 1 | | |
| | 543–544 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 544–545 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 542–547 | | | | | | | | | | | | 23 | | | | | |
| | 548–549 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 550–551 | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| | 547–552 | | | | | | | | | | | | 4 | | | | | |
| | 552–557 | | | | | | | | | | | | 2 | | | | | |
| | 556–557 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 557–558 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 557–562 | | | | | | | | | | | | 5 | | | | | |
| | 562–563 | | | | | | | | | | | 3 | | | | | | |
| | 563–564 | | 1 | | | | | | | | | 8 | | | | | | |
| | 564–565 | | | | | | | | | | | 5 | | | | | | |
| | Неодредени | | | | | | | | | | | | | | | | 17 | |
| Јустин II 565–678 | 565–566 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 86 |
| | 566–567 | | | | | | | | | | | 9 | | | | | | |
| | 567–568 | | | | | | | | | | | 8 | | | | | | |
| | 568–569 | 1 | | | | 1 | | | | | | 25 | | | | | | |
| | 569–570 | | 1 | | 1 | | | | | | | 9 | | | | | | |
| | 570–571 | | | | | | | | | | | 2 | | | | | | |
| | 571–572 | | | | | | | | | | | 6 | | | | | | |
| | 573–574 | 1 | | | | | | | | | | 2 | | | | | | |
| | 574–575 | | | 1 | | | | | | | | 16 | | | | | | |
| | 575–576 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| | 577–578 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| Константин Тибериј 578 – 582 | 578–579 | | | | | | | | | | | 7 | | | | | | 9 |
| | 579–580 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| | 580–581 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| Маврикиј 582 – 602 | 583–584 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| **Вкупно** | | 48 | 18 | 1 | 3 | 2 | 2 | | 1 | | | 106 | 43 | | 4 | 1 | 20 | 249 |

## 7.1. Застапеност на монетите по владетели

Во Графиконот 5 е прикажана застапеноста на владетелите во проценти од вкупно 249 пронајдени монети.

Анастасиј I (491 – 518) е застапен со 16 монети, односно 6% (159–174, T.VII), потоа следува Јустин I (518 – 527) со 26 монети, кој има 10% застапеност (T.VIII и 175–199, T.IX), една монета од Јустин и Јустинијан искована во 527 година (200, T.IX), една варварска имитација (201, T.IX).

Најголема застапеност има кај монетите од Јустинијан I (527 – 565) со вкупно 110 монети или 41% застапеност (T.IX – 202–319, T.XV), потоа следува Јустин II (565 – 578) со пронајдени 86 монети или 32% (T.XV – 320–410, T.XVIII), Константин Тибериј (578 – 582) со 9 монети или 3% (T.XVIII, 411–418, T.IX) и една монета од Тибериј Маврикиј (582 – 602), што го означува крајот на снабдување на населбата Таор со монети поради упадите на аварословенските племиња. Потоа следува период во кој нема застапеност на ниеден рановизантиски владетел сè до пронајдените монети од Роман I Лакапен (920 – 944) со тоа што населбата со мали прекини егзистира и понатаму сè до доцниот среден век, а со понатамошните истражувања ќе се испита и периодот IV во кој влегуваат и средновековните монети.

**Графикон 5**




**Застапеност на монетите по владетели во проценти**

## 7.2. Испитување на циркулацијата според годините

Во Табелата 5 исто како и претходниот период се прикажани годините на издавање на емисиите, фреквенцијата, големината на временски период, коригираната фреквенција и кумулативната низа. Во табелата се исклучени монетите со неодредена ковачница и година на ковање.

Следењето на монетите го започнуваме со првите емисии искована од Анастасиј I 498 – 507 година со годишен коефициент на коригираната фреквенција од 0,2 (Табела 5 и Графикон 6), потоа зголемување од 2 во периодот 517 – 518 година и 3,75 во емисијата 518 – 522 година искована од императорот Јустин I. Тоа е период по катастрофалниот земјотрес што се случил во 518 година забележан од канцеларот на Јустинијан I, Марцелин Комес. Тој ќе забележи во својата „Хроника“ дека во таа година еден силен земјотрес ја погодил провинцијата Дарданија и разорил 24 кастели меѓу кои и главниот град на оваа провинција епископскиот центар Скупи. По овој настан следува пад до емисијата искована 527 – 532 година. Зголемувањето на фреквенцијата по оваа и следните искована емисии се должи на големото градителство и обновата на провинцијата Дарданија од страна на Јустинијан I. [20]

Континуитетот на емисиите продолжува со мали осцилации кога во емисијата 538 – 542 година има значителен раст на фреквенцијата од 3,5, но со помали номинали. Тоа се должи на реформата спроведена од страна на Јустинијан I во 538 година кога отвора и нови ковачници низ целото Царство при што ковачницата во Тесалоника кова нови номинали со помали вредности. Исто така воведува и номинала од 16 нумии со ознака ΑISP, која почнува интензивно да ја снабдува префектурата Илирик.[21]

Во емисиите по периодот 542 – 547 и 562 – 563 година има значително намалување на фреквенцијата на монети, што според историските извори ни укажува на

[20] Ф. Баришић, III Прокопиј, *Византиски извори за историју народа Југославије,* Том *I,* Београд, 1955.
[21] W. Hahn, *Moneta Imperii Bizantini.* Band I, Wien, 1973.

зачестените напади на Кутригурите. Тука спаѓа и колективниот наод кој е пронајден во куќа 4 (подно ниво), Сл. 3 кој се состои од 7 монети само од императорот Јустинијан I.



Сл. 5 Место на групниот наод во куќа 4

Содржината на колективниот наод се состои од 136 нумии во кои се работи за монети од моментален оптек, кои се скриени при некоја опасност. Најмладата монета од овој наод е идентификувана во 562 година која означува *terminus post qvem.*[22] Врз основа на најмладата монета од групниот наод, депонирањето може да се поврзе со нападот на Кутригурите за кој нè известува историчарот Агатиј. Нападот се случил во 559 година под водство на војсководецот Заберган. Кутригурите навлегле во Тракија, ја нападнале византиската престолнина, а еден нивен одред ги опустошил Македонија и

[22] В.Милошевски, *Рановизантиски групен наод од куќа 4 од локалитетот Градиште, с. Таор,* Нумизматички гласник бр. ..., Скопје, 2012 (во печат).

Елада и стигнал сè до Термопилите кои при враќање кон Дунав најверојатно го користеле вардарскиот магистрален пат. [23]

Во контекст на пронаоѓањето можеме со сигурност да кажеме дека овој наод е скриен при некоја опасност. Исто така последната емисија што е пуштена во оптек од тесалониската ковачница одговара со емисијата од колективниот наод пронајден на локалитетот „Кале" во с. Скачинци (Велешко), кој исто така се наоѓа покрај вардарската магистрала.[24]

По оваа година следува стабилизација и пораст на фреквенцијата од коефициент 9 во емисијата 563 – 564 година, кој постепено се зголемува и достигнува до коефициент 27 во емисијата искована во периодот 568 – 569 година за време на владеењето на Јустин II.

Поголемиот дел од пронајдените примероци од Јустин II, кој од археолошки контекст се пронајдени во објектите на локалитетот, се докажува дека населбата е веќе прерасната во големо утврдување и дека населението продолжува да егзистира. Тоа се занимавало со трговија, а монетарната економија била стабилна. Но, дали е ова голема најава за идните бурни времиња што следуваат при што се стационирале голем број на војски во внатрешноста на префектурата за одбрана од варварските племиња.

Годишниот коефициент на коригираната фреквенција значително се намалува во периодот на емисијата искована 570 – 571 година. Намалувањето на циркулацијата од оваа емисија може да се поврзе со првите пробиви на Словените на овие простори.

Целата оваа ситуација влијаела врз општата циркулација на територијата на префектурата Илирик. Од овој период на територијата на Илирик се пронајдени и повеќе групни наоди со помал број на монети, што се поврзува со продорот на Словените, како на пример во Царичин Град А, Б, G, Е кои се скриени 570 – 571 година.[25]

---

[23] Ф. Баришић, Агатиј, во: *Византиски извори за историју народа Југославије,* САНУ, пос. изд., књ. CCXL, Византолошки институт, књ. 3, Београд, 1955.

[24] В. Лилчиќ, К. Аџиевски, Колективен нумизматички наод од Велешко, Макед., *Нумизматички гласник 3*, Скопје.

[25] В. Поповиќ, Мале растурене оставе рановизантиског бронзаног новца у Србији, НУМИЗМАТИЧАР бр. 7, Београд, 84.

Табела 5

| Година на емисии | Фреквенција | Големина на временски период | Коригирана фреквенција | Кумулативна низа |
|---|---|---|---|---|
| 498–507 | 2 | 9 | 0,2 | 2 |
| 507–512 | 1 | 5 | 0,2 | 3 |
| 512–517 | 8 | 5 | 1,6 | 11 |
| 517–518 | 2 | 1 | 2 | 13 |
| 518–522 | 15 | 4 | 3,75 | 28 |
| 522–527 | 11 | 5 | 2,2 | 38 |
| 527 | 1 | 1 | 1 | 40 |
| 527–532 | 3 | 5 | 0,6 | 43 |
| 532–537 | 11 | 5 | 2,2 | 54 |
| 537–538 | 3 | 1 | 0,3 | 57 |
| 538–539 | 3 | 1 | 3 | 60 |
| 540–541 | 1 | 1 | 1 | 60 |
| 538–542 | 14 | 4 | 3,5 | 75 |
| 543–544 | 2 | 1 | 2 | 77 |
| 544–545 | 1 | 1 | 1 | 78 |
| 542–547 | 23 | 5 | 4,6 | 101 |
| 548–549 | 1 | 1 | 1 | 102 |
| 550–551 | 1 | 1 | 1 | 103 |
| 547–552 | 4 | 5 | 0,8 | 107 |
| 552–557 | 2 | 5 | 0,4 | 109 |
| 556–557 | 1 | 1 | 1 | 110 |
| 557–558 | 1 | 1 | 1 | 111 |
| 557–562 | 5 | 5 | 1 | 116 |
| 562–563 | 3 | 1 | 0,3 | 119 |
| 563–564 | 9 | 1 | 9 | 128 |
| 564–565 | 5 | 1 | 5 | 133 |
| 565–566 | 1 | 1 | 1 | 134 |
| 566–567 | 9 | 1 | 9 | 143 |
| 567–568 | 8 | 1 | 8 | 151 |
| 568–569 | 27 | 1 | 27 | 178 |
| 569–570 | 11 | 1 | 11 | 189 |
| 570–571 | 2 | 1 | 2 | 191 |
| 571–572 | 6 | 1 | 6 | 197 |
| 573–574 | 3 | 1 | 3 | 200 |
| 574–575 | 17 | 1 | 17 | 217 |
| 575–576 | 1 | 1 | 1 | 218 |
| 577–578 | 1 | 1 | 1 | 219 |
| 578–579 | 7 | 1 | 7 | 226 |
| 579–580 | 1 | 1 | 1 | 227 |
| 580–581 | 1 | 1 | 1 | 228 |
| 583–584 | 1 | 1 | 1 | 229 |

Континуитетот продолжува со тоа што зголемување на циркулацијата има во емисијата 574 – 575 година, пад во периодот 577 – 578 година, зголемување за коефициент 7 во периодот 578 – 579 година, нагло намалување во периодот 580 – 581 година со тоа што по емисијата 583 – 584 година се прекинува дотокот на монети со последната пронајдена монета од Тиберij Маврикиј.

Графикон 6




Оваа последна емисија е потврдена со повеќе групни и поединечни наоди кои се пронајдени на повеќе локалитети од територијата на Република Македонија и пошироко. Како потврда за оваа последна емисија на оваа територија е групниот наод кој е пронајден во античката населба Скупи во 2001 година во кој меѓу останатите монети се најдени и два полуфолиса на Маврикиј од 583/84 година (MIB 112B).[26]

[26] М. Ончевска-Тодоровска, остава на монети од Скупи, 28-42. *Македонско Наследство бр. 23,* Скопје 2004

На територијата на Илирик се забележани и неколку групни наоди со датум на депозиција 583/84 година.[27] По овој датум животот на населбата потполно замрел. Со археолошките истражувања досега нема индикација за интервенции за обновување и доградување на објектите ниту пак е пронајден движен археолошки материјал што би покажал егзистирање на населбата во периодот од III века[28] сè до пронајдените 4 монети од Роман I Лакапен (920 – 944), 421–423, Т. XIX. По емисијата искована во 583/84 година и во текот на VII и VIII век, општата циркулација на бакарните монети опаѓа низ целото Царство.

**Графикон 7**




Од кумулативната низа од овој период III што го следиме од 498 година прикажан во Табела 7 јасно се гледа дека сукцесивното користење на монетите од овој локалитет е без прекин во емисиите, постои стабилен монетарен оптек сè до 584 година кога се прекинува дотокот на монети.

---

[27] М. Хаџиманева, MACEDONIAE ACTA ARHEOLOGICA, *Нумизматички сведоштва за крајот на VI и VII век,* br. 18, 381-390, Скопје, 2008.

[28] К. Ристов, Таор, Прелиминарен извештај од истражувањата во 2000-2004 година, *Maced. acta arheologica br. 17,* Скопје, 2006.

## 7.3. Испитување на циркулацијата по ковачници

Од досегашните пронајдени монети од овој период застапени се пет ковачници: Константинопол, Никомедија Кизик, Картегина и Тесалоника.

Испитувањето на циркулацијата по ковачници во овој период ќе се подели во две фази бидејќи од првите емисии исковани од Анастасиј I до реформата на Јустинијан I во 538 година некои ковачници не земаат активно учество во ковањето на бакарните монети. Најголема продукција на пари е концентрирана во престолнината на Царството (Константинопол) од каде што се снабдувале и провинциите. Во другите ковачници продукција на бакарни монети има, но со редуцирано ковање во офикините. На пример, тесалониската ковачница во времето на Анастасиј I е активна и кова само златни солиди. Бакарни монети почнува да кова од времето на Јустин I кога се отвораат и неколку офикини.

**Табела 6**

| Ковачници | Фреквенција на периодите на ковање | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | 498–538 | 538–584 | |
| Константинопол | 52 | 15 | 67 |
| Никомедија | 2 | 3 | 5 |
| Кизик | 2 | | 2 |
| Картегина | 1 | | 1 |
| Тесалоника | | 154 | 154 |
| Неодредени | 3 | 17 | 20 |
| Вкупно | 60 | 189 | 249 |

Во првата фаза константинополската ковачница зема најголемо учество со 91% наспроти другите ковачници. Со тоа се потврдува дека најголем дел од продукцијата на монети е во Константинопол. Останатите монети се исковани во Никомедија која е

застапена со 2 монети, Кизик со 2 монети и една монета од ковачницата во Картегина искована во 537/38 година.

За време на владеењето на Јустинијан I, со освојувањето на новите територии на запад, активни се 12 ковачници кои земаат учество во снабдувањето на провинциите со монети. Присуството на монети исковани во западниот дел од Империјата на оваа територија како што е овој примерок од ковачницата во Картегина (223, Т.XI) е мошне ретко. Евидентирани се само неколку примероци. Но, според тоа, присуството на оваа монета на овој локалитет може да се објасни со префрлањето на византиската војска од Италија која се стационирала по тврдините низ префектурата Илирик за одбрана од нападите од Кутригурите. Првиот напад се случил најверојатно во 540 година.[29]

**Графикон 8**




Во втората фаза јасно се гледа дека по реформата спроведена во 538 година од страна на Јустинијан I, дарданската област директната врска ја има преку вардарската магистрала која се снабдувала од тесалониската ковачница. Тесалониската ковачница во оваа фаза е застапена со 89% наспроти другите, од кои Константинопол е застапен со 9% и Никомедија со 2%.

[29] Ј. Кондијанов, *Прилог за упадот на Кутригурите на територијата на Илирик во 540 година* М.Н.Г , бр. 1, 75-83, Скопје, 94.

### 7.4. Метрологија за III период

Од монетите што се пронајдени од овој период, најзастапени се бронзените монетите со номинална вредност од 20 нумии со вкупно 131 монета, со ознака K и просечна тежина од 6,02 грама. Потоа следуваат монетите со номинална вредност од 40 нумии со ознака M и просечна тежина од 15,57 грама со вкупно 61 пронајдена монета од овој тип. Потоа следуваат монетите од типот ΑΙSP со номинална вредност од 16 нумии со вкупно 59 монети исковани во тесалониската ковачница со просечна тежина од 5,58 грама. Останатите монети се од номиналните вредности од 10 нумии со ознака I (две монети), 8 нумии со ознака ΑΗΡ (четири монети), 4 нумии со ознака Α ΔΡ (една монета) и една монета од една нумија со монограм од Анастасиј I со тежина од 0,78 грама.

Во зависност од реформите што се направени од рановизантиските императори, тежинските вредности постојано се менувале, па затоа е земен овој просек за да се утврди разликата помеѓу типовите.

Познато е дека рановизантиските бакарни монети не биле од кредитен карактер,[30] туку нивната вредност била утврдувана според римската златна фунта која била 327,45 грама и нејзините делови, односно стапка од 1/72 фунти и солид од 4,45 грама.

